# Циркуларна Економија




Андреа Накова
НВО Новинари за човекови права
Мај, 2020

# Што е циркуларна економија?

- Циркуларната економија е алтернатива на традиционалната линеарна економија во која се користат ресурсите што е можно подолго, со цел максимално да се искористи нивната вредност, преку обновување, реупотреба, регенерирање или рециклирање на материјалите на крајот од животниот век на производите.

# Што е циркуларна економија?

- Одејќи понатаму од сегашниот "земи, направи и одложи" екстрактивен индустриски модел, циркуларната економија базира на регенеративен кружен модел, кој гради економски, природен и општествен капитал. Потпирајќи се на иновацијата низ целиот систем, таа има за цел да ги редефинира производите и услугите преку дизајнирање без отпад, истовремено минимизирајќи ги негативните влијанија. Базира на три основни принципи:
- Дизајн без отпад и загадување
- Задржување на производи и материјали во употреба
- Регенерирање на природните системи


Design/manufacture
Retailer
Consumer/householder/LAs
Re-use/repair/recycling
Recycling sector
circular economy

- Циркуларната економија го разграничува растот и потрошувачката на ресурсот што доведува до дизајнирање на производ кој во неговиот животен век ќе обезбеди негова повторна употреба и рециклирање. За таа цел се неопходни следните предуслови:
- 1. производот да биде дизајниран на тој начин да по неговото користење/кога ќе стане отпад да може повторно да се употреби,
- 2. да се одвојат деловите од производите кои се трајни и кои се потрошни,
- 3. да се користи енергија од обновливи извори во производниот процес со цел намалување на зависноста од ресурси,
- 4. намалување или целосно елиминирање на употребата на хемикалии.

- **Предлог-редизајн на еден производ со целосно објаснување на постапката „од отпадок до нов производ“**

- **100% добро кафе испиено од чаша од компост**

Холандска компанија го  користи отпадот од шеќерна репка при добивање на шеќер за изработка на хартија која се користи за производство на чаши за кафе. Во чашите се послужува кафе, а кога истото ќе се испие треба да се стави во контејнер на компанијата која од истите после ферментација прави компост и биогас. Биогасот се користи како гориво на возилата кои разнесуваат кафе, а компостот се користи како ѓубриво на плантажи на шеќерна репка која повторно се користи за добивање на чаши ....циклусот може да биде бесконечен доколку се повеќе фирми кои продаваат кафе во чаши од отпад на шеќерна репка се вклучат во циклусот, но и потрошувачи кои ќе го порачуваат и уживаат во неговиот вкус.

# THE CIRCULAR ECONOMY



# Одржлив развој е..

- **Одржлив развој** е збир на методи за да се создава и одржи развој кој цели да ја отстрани сиромаштијата, создава изедначени стандарди за живеење, задоволување на основните потреби на сите луѓе и да воспостават одржливи политички практики, истовремено преземајќи ги сите неопходни мерки да се избегнат неповратните штети на природниот капитал долгорочно за краткорочни придобивки преку усогласување на развојните проекти со обновливата способност на природната средина.Полето на одржливиот развој може да се подели концептуално во четири дела: амбиентална одржливост (одржливост на животната средина), економска одржливост, социјална одржливост и политичка одржливост.

# Цели за одржлив развој

- Целите за одржлив развој (SDGs) претставуваат јасна визија за одржлива иднина и ќе создадат нова ера за бизнисите. Глобалниот договор на ОН презема водство во претворање на овие цели во двигатели за одржлив бизнис. Економски и социјални придобивки и придобивки за животната средина се приоритетите за целиот свет.
- Во септември 2015, сите 193 земји членки на Обединетите нации усвоија план за креирање на подобра иднина за сите, определувајќи ја патеката за наредните 15 години, да се стави крај на екстремната сиромаштија, нееднаквоста, неправдите и да се заштити нашата планета. Целите за одржлив развој се основа на „Агендата 2030” и тие се лесно применливи во локалните контексти на заедниците.


SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS
1 NO POVERTY
2 ZERO HUNGER
3 GOOD HEALTH AND WELL-BEING
4 QUALITY EDUCATION
5 GENDER EQUALITY
6 CLEAN WATER AND SANITATION
7 AFFORDABLE AND CLEAN ENERGY
8 DECENT WORK AND ECONOMIC GROWTH
9 INDUSTRY, INNOVATION AND INFRASTRUCTURE
10 REDUCED INEQUALITIES
11 SUSTAINABLE CITIES AND COMMUNITIES
12 RESPONSIBLE CONSUMPTION AND PRODUCTION
13 CLIMATE ACTION
14 LIFE BELOW WATER
15 LIFE ON LAND
16 PEACE, JUSTICE AND STRONG INSTITUTIONS
17 PARTNERSHIPS FOR THE GOALS
SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS

## Потенцијал за отворање нови работни места во новоотворените индустриски капацитети за преработка на отпад

- Со рециклирање на отпадот се обезбедуваат економски, енергетски и придобивки за животната средина.
- Управувањето со отпадот во насока на циркуларната економија може да се дефинира како одржливо управување со ресурсите, бидејќи производите е потребно што подолго да бидат присутни на пазарот, а на крај на нивниот животен век повторно да се користат, поправат, преработат, надградат или рециклираат. Принцип **"4R"** – Repair – поправи, Reuse – повторно употреби, Remanufacture – повторно преработи/произведи, Recycle – рециклирај.
- Покрај заштита на животната средина, управувањето со отпад обезбедува и отворање на нови работни места и тоа: за спалување на 10 000 t отпад - 1 работно место, ако се одлага на депонија – 6 работни места, ако се рециклира – 36 работни места, повторна употреба – 296 работни места.
- Отпадот кој ќе се преработува во индустриските капацитети ќе произведе суровина која ќе се користи за производство на друг производ, супституирајќи ја употребата на нови ресурси и штедејќи енергија во производниот процес.

# Блиски искуства од регионот кои може да ги имплементираме

- Во државите од нашето опкружување сеуште овој концепт е во теоретска фаза, бидејќи најпрвин е потребно во сите држави да се промени свеста во однос на пазарот и капиталот. Клучниот фактор во циркуларната економија е воспоставување на систем за примарна селекција на отпадот и максимална искористеност на ресурсите, а во сите држави од регионот се соочуваат со проблеми да воспостават систем за управување со отпад. Овој податок е потврда дека циркуларната економија претставува амбициозен потфат кој со навремени чекори во засегнатите сектори во државите од регионот ќе стане реално спроведлив.


B&B
Repair
SHARE
Renew
Tool Library
© Petra Oravakangas, 2019

# Транзиција кон циркуларна економија

- Транзицијата кон циркуларна економија е на ниво на компанија (микро ниво) Иницијативи за транзиција:

✓Микро ниво - Со сет мерки за имплементација во компанија

✓Мезо и макро ниво - Вклучување на надворешни чинители (stakeholders) влијае на компаниите да бидат проактивни кон циркуларни иницијативи Stakeholders со сопствени цели за одржливост и циркуларност:

✓Потрошувачите

✓Регулаторите и јавните тела

✓Невладините организации (NGOs)

✓Социјалните групи

✓Инвеститорите

# Сет мерки за транзиција на компаниите кон циркуларна економија

- Не постои систематски метод за имплементација на циркуларна економија во компанија. Неколку најдобри практики:

1. EMAS – EU Eco-Management and Audit Scheme Менаџмент инструмент на Европска комисија за да им помогне на компаниите и другите организации (јавни и приватни) во monitoring, евалуација, известување и подобрување на еколошкте перформанси.
2. Сет мерки за имплементација на принципите на ЦЕ во компанија базирани на EMAS и Circular Design Guide на Ellen MacArthur Foundation



MORE EFFICIENT
A+
A++
A+++
CIRCULAR ECONOMY
UTILISED TO THEIR FULLEST POTENTIAL
EASIER TO REUSE AND RECYCLE


CARROT